**20141203830**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 став 1 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014 и 44/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 27 мај 2014 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2008, 97/2010, која гласи „При ограничена оваријална резерва на јајниците со вредност на FSH повисоки од 12,5 mlIU/ml, вредности на Естрадиол повисоки од 60 pg/ml на третиот ден од циклусот, ниво на anti-Mullerian хормон во серум пониски од 1 ng/ml и број на антрални фоликули на ехо-преглед помал од 5, само првиот обид за БПО е со сопствен репродуктивен материјал (ооцити), по барање на осигуреното лице.

Во член 6 став 11 точка 1 се менува и гласи: „После првиот неуспешен обид за инвитро-фертилизација со автологни ооцити на товар на Фондот кај непостоечка или ограничена оваријална резерва на јајниците со вредност на FSH повисоки од 12,5 mlIU/ml, вредности на Естрадиол повисоки од 60 pg/ml на третиот ден од циклусот, ниво на anti-Mullerian хормон во серум пониски од 1 ng/ml и број на антрални фоликули на ехо-преглед помал од 5.“

**Преодни и завршни одредби**

Член 2

Постапките за остварување на правото БПО кои се во тек на денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе продолжат согласно со одредбите на овој правилник.

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-9140/8
2 јуни 2014 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Ангел Митевски,** с.р.